Одамна егзистира
мојата поетска република
со моите први лирски најавувања
кога спонтано
со мојот идентитет
суверенитет и независност
се разобличив пред светот
Тогаш вешто прогледав
низ очите на уметноста
та светот внатре и надвор од мене
го гледав и го доживував
како некое од светските чуда
посебно во ритуалот
кога се роди мојата прва песна
та во таа пригода
високо на јарболот
се развеа
моето поетско знаме
пред грбот на државноста
од каде што се огласуваше и химната
на моето постоење

Така се создаде
мојата поетска република
со која насекаде се гордеам
штом таа е призната
од сите земји во светот
затоа што е без граници
затоа што не познава јазици
ниту нации или расизам
Всушност за неа
светот е еден свет
и насекаде може да опстојува
иако не е членка на УНО
ниту во советот за безбедност
штом мојата поетска република
е демилитаризирана
и од никого не стравува
и не знае за агресија
не бара ничија заштита
ниту од НАТО
неа ја штити мојата ѕвезда

која е во созвучје со мојата поетографија
та затоа
мојата поетска република
со гордост се величаше
низ мисијата на мојот живот
и смело
космополитски потврдуваше
во името на нејзиниот идентитет
дека таа е
со сопствени закони и принципи
и во животот на мојот живот
со независен суверенитет и интегритет
со разни хумани општења
и космополитски определби
за човековите достоинства
и етика
затоа
сѐ што ќе побарате
има во поетската република
човечки верби, доблести
вистини и надежи
целата може да ја видите
по небото на вашите очи
и со благороден свет
да ја чувствувате
благословена со својот бог

Во поетската република напишани се
тестаментот, заветот ,повелбата,
аманетот и епитафот
испраќав посланија и манифести
благодатот во републиката е
продуховено сонцевидно човекољубие
за да може да се спротивстави
па затоа така жилава е
во нејзиното суштествување
пред сите премрежиња, опстојби
биднини,извишувања и непокори

Па затоа на светов
потребни им се поетите
тие што дружат со песната

а не со оружјето
Всушност
песната е мир
а оружјето е зло.

(Името Сакостика, доаѓа од името и презимето на авторот)

САВО КОСТАДИНОВСКИ



Саво Костадиновски

Одамна егзистира

мојата поетска република

со моите први лирски најавувања

кога спонтано

со мојот идентитет

суверенитет и независност

се разобличив пред светот

Тогаш вешто прогледав

низ очите на уметноста

та светот внатре и надвор од мене

го гледав и го доживував

како некое од светските чуда

посебно во ритуалот

кога се роди мојата прва песна

та во таа пригода

високо на јарболот

се развеа

моето поетско знаме

пред грбот на државноста

од каде што се огласуваше и химната

на моето постоење

Така се создаде

мојата поетска република

со која насекаде се гордеам

штом таа е призната

од сите земји во светот

затоа што е без граници

затоа што не познава јазици

ниту нации или расизам

Всушност за неа

светот е еден свет

и насекаде може да опстојува

иако не е членка на УНО

ниту во советот за безбедност

штом мојата поетска република

е демилитаризирана

и од никого не стравува

и не знае за агресија

не бара ничија заштита

ниту од НАТО

неа ја штити мојата ѕвезда

која е во созвучје со мојата поетографија

та затоа

мојата поетска република

со гордост се величаше

низ мисијата на мојот живот

и смело

космополитски потврдуваше

во името на нејзиниот идентитет

дека таа е

со сопствени закони и принципи

и во животот на мојот живот

со независен суверенитет и интегритет

со разни хумани општења

и космополитски определби

за човековите достоинства

и етика

затоа

сѐ што ќе побарате

има во поетската република

човечки верби, доблести

вистини и надежи

целата може да ја видите

по небото на вашите очи

и со благороден свет

да ја чувствувате

благословена со својот бог

Во поетската република напишани се

тестаментот, заветот ,повелбата,

аманетот и епитафот

испраќав посланија и манифести

благодатот во републиката е

продуховено сонцевидно човекољубие

за да може да се спротивстави

па затоа така жилава е

во нејзиното суштествување

пред сите премрежиња, опстојби

биднини,извишувања и непокори

Па затоа на светов

потребни им се поетите

тие што дружат со песната

а не со оружјето

Всушност

песната е мир

а оружјето е зло.

(Името Сакостика, доаѓа од името и презимето на авторот)

САВО КОСТАДИНОВСКИ